**НАРОДНА БАНКА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

Врз основа на член 47 став 1 точка 6 од Законот за Народната банка на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Македонија" бр. 158/10, 123/12, 43/14, 153/15, 6/16 и 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 110/21) и член 68 став 1 точка 2 и член 69 став 2 од Законот за банките („Службен весник на Република Македонија" бр. 67/07, 90/09, 67/10, 26/13, 15/15, 153/15, 190/16, 7/19 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 101/19 и 122/21), Советот на Народната банка на Република Северна Македонија донесе

# ОДЛУКА
## за изменување и дополнување на Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик
## („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 27/24)

1. Во Одлуката за методологијата за управување со кредитниот ризик („Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 57/23), во точката 55, ставот 3 се менува и гласи:

„Во случај на продажба на кредитната изложеност со значителна загуба утврдена во согласност со оваа точка, преостанатите изложености на банката кон клиентот добиваат третман на нефункционални кредитни изложености, освен доколку:

- станува збор за клиент физичко лице на кој банката го применува исклучокот од точката 2 потточка 2.23 став 2 на оваа одлука, при што се применува точката 48 на оваа одлука, или
- кредитната изложеност кон физичко лице којашто е предмет на продажба не надминува 20% од вкупната кредитна изложеност на банката кон тој клиент, пред извршената продажба."

2. Во точка 59 во ставот 1, алинејата 2 се менува и гласи:

„– банката утврдила редовност на клиентот во намирувањето на неговите обврски, утврдила соодветна финансиска состојба на клиентот и утврдила дека не е исполнет кој било од показателите за неможност за наплата од точката 54 и точката 62 потточка 62.8 на оваа одлука, и".

3. Во точката 62 потточка 62.9, по зборовите: „да го пропише" се додаваат зборовите: „начинот на утврдување на исполнувањето на условот од точката 59 став 1 алинеја 2 на оваа одлука за различни видови клиенти и/или кредитни изложености и".

4. Оваа одлука влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Северна Македонија“.

**О бр. 02-3972/2**
**2 февруари 2024 година**
**Скопје**

**Гувернер**
**и претседавач**
**на Советот на Народната банка**
**на Република Северна Македонија**
**д-р Анита Ангеловска-Бежоска**